РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA E KADASTRËS SË PALUAJTSHMËRIVE
0401- 7055/1
Бр / Nr
22 MAY 2023 20 год.
СКОПЈЕ/SHKUP



Врз основа на член 30 став (3), член 31 и член 48 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонја„ број 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), член 2 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија“ број 11/15 и 35/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија број 330/ 2020), Правилник за систематизација на работни места во Агенцијата за катастар на недвижности број 0101-15955/1 од 16.10.2015 година, број 0101-15956/7 од 23.11.2015 година, број 0101-9472/1 од 15.03.2018 година, број 0101-10248/1 од 22.07.2019 година, број 0101-3177/3 од 26.04.2021 година,број 0101-17503/1 од 19.12.2022 година, број 0101-4699/1 од 30.03.2023 година, Агенцијата за катастар на недвижности објавува

# ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 3 / 2023
## за унапредување на административни службеници во Агенцијата за катастар на недвижности

Се објавува интерен оглас за унапредување на административни службеници за следното работно место:

**1. Раководител на одделение за сметководство и плаќање, Одделение за сметководство и плаќање, Сектор за финансиски прашања: со шифра на работно место УПР 01 01 Б04 000 , - 1 (еден) извршител;**

а) Посебни услови:

- Стручни квалификации: ниво на квалификациите VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен **Економски науки.**

- Работно искуство: најмалку 4 години работно искуство во струката од кои најмалку 1 година во јавен сектор, односно најмалку 6 години работно искуство во струката од кои најмалку 2 години на раководно работно место во приватен сектор.

б) Посебни работни компетенции:

- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- потврда за положен испит за административно управување;
- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски и германски).

в) Распоред на работното време:
- неделно работно време: од понеделник до петок;
- работни часови неделно: 40
- дневно работно време: со почеток на работно време помеѓу 7.30 и 8.30 часот и завршеток на истото помеѓу 15.30 и 16.30, со вкупно времетраење на работниот ден од осум часа.

г) **Нето месечна плата** како износ на збирот од делот на платата за степен на образование и делот на плата за ниво: **32.231,00.**

**Потребни општи работни компетенции за работните места од категорија Б:**

1. решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
2. учење и развој;
3. комуникација;
4. остварување резултати;
5. работење со други/ тимска работа;
6. стратешка свест;
7. ориентираност кон странките/ засегнати страни;
8. раководење;
9. финансиско управување.

**На интерниот оглас може да се јави административен службеник, вработен во Агенцијата за катастар на недвижности кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишано за соодветното ниво и во актот за систематизација како и:**

- да е државјанин на Република Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да има општа здравствена способност за работното место;
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност;
- да е оценет со оцена „А" или „Б" при последното оценување на кое бил оценуван;
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас;
- да поминал најмалку две години на истото ниво и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Рокот за доставување на пријавите изнесува 5 (пет) дена, сметано од денот на објавување на огласот.

Заинтересираните административни службеници поднесуваат пополнета пријава и докази со податоци во писмена форма преку архивата на Агенцијата за катастар на недвижности до Секторот за управување со човечките ресурси на адреса **ул. „Трифун Хаџи Јанев“ бр. 4 Скопје** и на службената електронска адреса covecki.resursi@katastar.gov.mk на Секторот за управување со човечки ресурси.

Кон пријавата кандидатите можат да приложат и:

- потврди за успешно реализирани обуки и
- потврда за успешно реализирано менторство (како ментор или менториран административен службеник).

Кандидатите се должни под морална, материјална и кривична одговорност да дадат писмена изјава дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

Ненавремена, нецелосна и неуредно пополнета пријава нема да биде предмет на разгледување.

НАПОМЕНА: Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка.

**СЕКТОР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**
Изготвил: Ана Јанева, помлад соработник
Контролирал: Јанес Јакимовски, в.д. раководител на одделение
Одобрил: Донка Гаџовска, раководител на сектор

ДИРЕКТОР

д-р Борис Тунџев

## ОБРАЗЕЦ ЗА
## ПРИЈАВА ПО ИНТЕРЕН ОГЛАС ЗА АГЕНЦИЈАТА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

**1. Податоци за огласот:**
- број на интерниот оглас ______________________________
- реден број на работното место за кое се пријавува ______________________________

**2. Лични податоци за кандидатот:** ______________________________
- Име ______________________________
- Презиме ______________________________
- Вработен во сектор (тековно работно место, ниво) ______________________________
- Контакт телефон ______________________________

**3. Податоци за исполнување на посебните услови:**
- Степен на образование или стекнати кредити според:
ЕКТС: IV, VI, VII/1; VA 60-120, VIA 240, VIB 180 ЕКТС ______________________________

Вид на образование
- Образование и институција ______________________________
- Насока ______________________________
- Датум и број на диплома ______________________________
- Податоци за работно искуство-години-месеци ______________________________

**4. Податоци за последното оценување пред**
објавување на интерниот оглас ______________________________

**5. Податоци за изречена дисциплинска мерка**
**една година пред објавување на интерниот оглас** ______________________________

**6. Податоци за звањето на административниот**
**службеник во последните две години пред**
**објавување на интерниот оглас** ______________________________

Изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците наведени во образецот за пријавата за унапредување се веродостојни и дека на барање на надлежниот орган ќе доставам докази, во оригинал или копија заверена на нотар.

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка.

**Подносител на пријавата**

______________________________